# ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА ПО СУДСКА ПСИХИЈАТРИЈА

| | |
|---|---|
| **Област на супспецијализација** | **Судска психијатрија** |
| **Звање кое се добива по завршување на супспецијализацијата** | **Супспецијалист по судска психијатрија** |
| **Времетраење на супспецијализацијата** | **2 години (24 месеци)** |

Програмата за супспецијализација по судска психијатрија на Медицинскиот факултет во Скопје, се реализира во следните институции:

1. **Клиника за психијатрија. ЈЗО Клинички центар Скопје (11 месеци)**

-Оддел за биолошка психијатрија (4 месеци)

-Оддел за неврози, психосоматика и гранични состојби (2 месеци)

-Оддел за развојна психијатрија (детска и адолесцентна психијатрија)

(2 месеци)

-Отсекза форензична психијатрија (1 месец)

-Отсек за клиничка психологија (1 месец)

-Отсек за интервенции во кризни состојби и суицидологија (1 месец)

2. **Психијатриска болница "Скопје"-Скопје (6 месеци)**

-Оддел за судска нсихијатрија(4 месеци)

-Центар за зависности (1 месец)

-Одел за психогеријатрија (1 месец)

3. **Диспанзер за ментално здравје на деца и млади - Скопје (1 месец)**

**Организација на суспецијализацијата:**

**Првите 18 месеца** кандидатот ја следи предвидената теоретска и практична програма во погоренаведените институции, а **последниот семестар** (последните шест месеца) е предвиден за изготвување на семинарска работа - научно-истражувачка работа на полето на судската психијатрија. Изборот на темата е по сопствен избор на кандидатот, а во консултација со менторот.

На самиот почеток на суспецијализацијата се одредува ментор на кадидатот. Менторот е задолжен да го води и насочува кандидатот, односно за сето време на субспецијализацијата да му овозможува активно и практично учество во изработка на судско-психијатриски експертизи.

Ефективното време на суспецијализацијата во принцип се дели така да 2/3 од времето се насочува кон практична настава, а 1/3 од времето кон теоретската настава.

Наставата е индивидуална, а истата ја планира, контролира и насочува менторот или негов заменик, кој исто така го насочува кандидатот во релевантна и актуелна стручна литература.

За време на суспецијализацијата, теоретските познавања на кандидатот задолжително треба да се збогатуваат и низ негово присуство и активно учество на стручни собири, семинари, конгреси, предавања и сл.

Стажот на суспецијализацијата кандидатите задолжително и во целост го минуваат во соодветните единици на Медицинскиот факултет во Скопје, а по договор со Шефот на катедрата и по одобрение на Колегиумот на Катедрата, во други реномирани специјализирани психијатриски и судско психијатриски установи вон Република Северна Македонија. Траењето на ваквото усовршување во склоп на суспецијализацијата надвор од единиците на Медицинскиот факултет неможе да биде подолго од еден семестар, а препорачливо е да тоа биде последниот семестар, односно делот од суспецијализацијата поврзан со научно-истражувачка работа на полето на судската психијатрија.

Контрола и проверка на знаењата ќе се врши низ консултации со менторот, како и низ полагање на колоквиумите одредени со оваа програма за субспецијализација. Колоквиумите ќе се полагат пред менторот и уште еден наставник од катедрата по психијатрија.

Со вообличување на секој соодветен турнус, кандидатот задолжително ќе треба да изготви најмалку две судско-психијатриски вештачења од потесната област која ја покрива соодветниот турнус. Едновремено, кандидатот задолжително ќе треба да присуствува и на судските расправи кои се однесуваат на испитаниците кои биле субјект на од него извршените судско-психијатриски вештачења, како и на расправи за други испитаници, кои ќе му ги посочи неговиот ментор.

Во институциите во кои се спроведува третман на форензични пациенти, кандидатот треба да биде активно вклучен во сите облици на ваквиот третман (индивидуална и групна психотерапија, состаноци на тераписката заедница, советување со членовите на семејството, психофармаколошки третман и др.).

Завршниот испит се полага пред трichлена комисија, составена од наставници од катедрата ио психијатрија и медицинска психологија. Успехот на кандидатот се оценува со "положил".

По успешно завршениот супспецијалистички испит, кандидатот се здобива со звање и уверение за супспецијалист по судска психијатрија и стекнува услови за добивање на лиценца за самостојна работа како вешто лице за судско-психијатриски експертизи.

**Наставна програма за едукација во рамките на супспецијализацијата по судска психијатрија**

**1. Правни основи на судската психијатрија**

(Овој дел од теоретската настава кандидатите ќе ја следат на Правниот факултет во Скопје, по претходен договор на шефот на катедрата по психијатрија со одговорните наставници од овој факултет).

Кривичен закон (кривична постапка)

-вина и способност за вина, пресметливост, психијатриски мерки на безбедност, правничко дефинирање на одредени видови на кривични дела;

Малолетничко законодавство

-специфичности во законските решенија кои се однесуваат на малолетници; малолетничка делинквенција; кривични дела сторени на штета на малолетници; воспитни мерки; малолетнички затвор и др.

Казнено-процесно право

-психијатриски болен под истрага, како обвинет и како осуден; назначување на вешто лице; права и должности на вештото лице; изземање на вештото лице; повторени вештачења; привремен прекин на судската постапка заради психичко растројство на обвинетиот; прекин на постапката поради трајна душевна болест на обвинетиот;

Граѓанско право

- деловна способност; способност за брак; тестаментална способност; надомест на нематеријална штета и др.

Граѓанско-процесно право

парнична способност; процесни права и обврски на вештото лице и др.

Прекршочно право

- поим за прекршок; непресметливост во прекршочно ираво; задолжително лекување на зависници од дрога и алкохол и др.

Социјално право

- поим за инвалидитет; законски прописи за инвалидско осигурување кои се однесуваат на психијатриски пациентии др.

Присилни мерки

одземање на слобода и присилна хоспитализација на психијатриски болни; опасност по околината, сопствениот живот и имот и др.

**2. Судско-психијатриска психопатологија**

Основни пристапи во психопатологијата на современата судска

психијатрија

-дескриптивно-феноменолошки

- социј а л но-психиј атриски

-органско-биолошки

-психодинамски

Растројства на одредени психички функции и нивна судско-психијатриска

-релевантност

-свест

-внимание

-мислење

-памтење

-интелигенција

-емоции

-нагони

- волја

Современи психијатриски класификации и нивно значење во судско-психијатриските експертизи и третман

- ICD 10
- DSM 4

Судско-психијатриско значење на одредени дијаГностички катеГории

-психотични растројства

- психооргански синдроми

-пореметување на структура на личноста

- зависности од алкохол и дроги

-заостанат душевен развој

Психопатолошки специфики на одредени сторители на кривични дела

-кривични дела против животот и телото

-имотни деликти

-сексуални деликти

-политички деликти

**3. Судско-психијатриско вештачете и проценка**

-индикации за спроведување на судско-психијатриско вештачење

-организација на вештачењето во амбулантни и болнички услови

-видови и обем на дијагностички постапки неопходни за спроведување на квалитетно судско-психијатриско вештачење

-вештачење во кривична ностапка

-вештачење во граѓанска постапка

-психијатрискиот вештак ин форо

- тимска работа при изготвување на судско-психијатриско вештачење

-документација во судско-психијатриското вештачење

**4. Судска психијатрија во развојниот период**

-децата и адолесцентите во кривичното право; улога и задача на вештакот во кривичната постапка

-децата и адолесцентите во граѓанското право; улога и задача на вештакот во граѓанската постапка

-форензична психопатологија во развојниот период

-испитување на личноста и проценка на пресметливоста на малолетни делинквенти

-индикации за спроведување воспитна мерка, мерки на сигурност и казнени санкции

-децата и адолесцентите како жртви

-"Во најдобриот интерес на детето" како основен принцип во решавањето на граѓанско-правните проблеми

-вештачења во постапките за определување на законски старател по развод на брак

-проценка на веродостојноста на исказот на децата и адолесцентите во судската постапка

**5. Терапија во судската психијатрија**

-законски рамки за спроведување на судско-психијатриски третман; интернационална перспектива и актуелна ситуација во Р. Северна Македонија

-специфичности на тераписка работа во судско-психијатриски рамки

-влијание на опасноста на судско-нсихијатриските пациенти на самиот третман;

-индикации за спроведување на одредени облици на судско-психијатриски третман; прогностички проценки;

-основни модели на судско-психијатрискиот третман во болнички услови социотераписки установи

- вонинституционален судско-психијатриски третман интердисциплинарна соработка и тимска работа во спроведувањето на судско-психијатрискиот третман

- документација за следење на судско-психијатрискиот третман евалуација на судско-психијатрискиот третман

**6. Медицинска етика и деонтологија**

-етички прашања во психијатријата

-судска психијатрија и човекови права

**1. Судска психијатрија во рамките на правниот систем**

-психијатрискиот пациент во рамките на правосудниот систем

-организација на психијатриската служба во казнено-поправните установи

-долготрајни затворски казни и нивно дејство на тераписко- рехабилитациони шанси на осудените лица

- казната и третманот во процесот на рехабилитација и ресоцијализација на осудените лица

-психопатологија на психијатриските растројства кои се јавуваат во пенални услови; основни принципи на третман на пеналните психијатриски состојби;

-проблеми на постпеналната исихијатриско-психолошка служба

- психологија на судската постапка; психодинамика на односите меѓу професионалците инволвирани во правосудната постапка;

Проверката на знаењата од секоја од набројаните седум наставни единици ќе се спроведува низ полагање на следните 4 колоквиуми:

1. Правни основи на судската психијатрија. Судска психијатрија во рамките на правниот систем. Судско-психијатриско вештачење и проценка

2. Судско-психијатриска психопатологија

3. Судска психијатрија во развојниот период

4. Терапија во судската психијатрија и медицинска етика и деонтологија